Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Министерство за образование и наука

Секотор за унапредување на науката и технолошко-техничкиот развој

Бр. 13-1668/1
05.03.2010 год.

Мито Хаџивасилев Јасмин бб
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3140-183

Сајт www.mon.gov.mk

До МИТ Универзитет

Скопје

Почитувани,

Министерството за образование и наука ве известува дека на 27.02.2010 година распиша Конкурс за доделување стипендии за студии од втор циклус во странство за академската 2010/2011 година, објавен во дневните весници Вечер и Lajm.

На конкурсот може да аплицираат кандидати кои се запишани на првите педесет рангирани универзитети во светот, односно првите дваесет рангирани универзитети во Европа според последната објавена ранг-листа на глобалните универзитети од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplement-World University Ranking и тоа: 3 стипендии за техничките науки (електро, машински, технолошки), 3 за информатика, 2 за медицински науки и 4 за земјоделски науки и храна.

Исто така предвидени се и 3 стипендии за Школата за филм и телевизија на Уметничката Академија во Прага (Film and TV School of Academy of Performing Arts (ФАМУ).

Стипендиите се доделуваат за една година за студиите во траење од една година, односно две за студиите во траење од две години.

На корисниците на стипендијата целосно ќе им бидат покриени трошоците за студирање (уписнина) и месечна стипендија во согласност со Решението за утврдување на висината на стипендијата донесено од Министерот за образование и наука.

Условите и критериумите за запишување и аплицирање, заинетерсираните кандидати можат да ги добијат на сајтовите на погоре наведените универзитети.